## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
## ДРЖАВЕН ПРОСВЕТЕН ИНСПЕКТОРАТ – СКОПЈЕ

# ИЗВЕШТАЈ
# ОД ИЗВРШЕНА ИНТЕГРАЛНА ЕВАЛУАЦИЈА ВО ООУ „ВАСИЛ ГЛАВИНОВ“ ВЕЛЕС

**Мај 2024**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
Број : 09- 41/2
Датум: 27.05.2024 година
Неготино

| **ООУ„Васил Главинов“ – Општина Велес** | |
|---|---|
| **Конечен извештај од извршена интегрална евалуација** | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | 19, 20 и 21 февруари 2024 година |
| **Број на извештај:** | 3 / Вардарски регион / 2024 |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Радица Лазова |
| **Вид на училиштето:** | основно |
| **Подрачни училишта:** | 1 |
| **Основач на училиштето:** | општина Велес |
| **Наставен јазик:** | македонски јазик |
| **Број на ученици:** | 1169 |
| **Полова структура на ученици:** | 595 машки и 574 женски |
| **Број на наставници:** | 86 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Татјана Темелковска |
| **Директор на училиштето:** | Драги Коцевски |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 17, 18 и 19.12.2018 година |
| **Адреса на училиштето:** | Ул.„ Никола Карев“ бр. 2, Велес |
| **Телефон:** | 043 / 211-255 |
| **Факс:** | 043 / 211 – 255 |
| **e-mail:** | oou-vasilglavinov-veles@schools.mk |
| **Оценка ИЕ** | **3.22 ( добро[1] )** |

Инспекцискиот надзор е извршен во согласнот сочленовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Службен весник на Република Македонија“ број: 52/2005, 81/2008, 148/2009, 57/2010, 51/2011, 24/2013, 137/2013, 164/2013, 41/2014, 33/2015 и 145/2015) Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Службен весник на Република Македонија“ број 86/2006).

## РЕЗИМЕ

Инспекциски тим од три Државни просветни инспектори ја спроведе Интегралната евалуација во ООУ„Васил Главинов“ – Општина Велес, во периодот од 19 до 21 февруари 2024 година.

За време на престојот во училиштето, Државните просветни инспектори остварија средби со директорот и стручната служба, одржаа состаноци со Училишниот одбор, Совет на родители, Наставничкиот совет и Ученичката заедница.

Инспекторите ги посетија часовите на сите наставници во централното и подрачното училиште во с.Раштани и училиштето во населба Превалец, објект бр.2.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи , посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и сè она што можеше да се види на лице место, тимот од Државни просветни инспектори констатира дека работата во ООУ „Васил Главинов“ – Општина Велес, е **3.22 ( добро[1] ).**

Училиштето има изготвено самоевалуација за период од 2021 до 2023 година заведена во училиштето со дел.бр.01-373/1 од 05.07.2023 година.

При реализацијата на Интегралната евалуација беше спроведено и вреднувањето на исполнувањето на работните должности на наставниците и стручните соработници.

Наставата во училиштето се реализира во согласност со наставните планови и програми за основно образование, кои на предлог на Биро за развој на образование, ги утврдува Министерот за образование и наука.

Со Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2023/24 година со бр. 01-412/1 од 15.08.2023 година планирани се разновидни воннаставни активности кои ќе ги одразат потребите и интересите на учениците и ќе влијаат врз нивниот личен и социјален развој. Училиштето има донесено Програма за развој на училиштето со бр. 01-436/1 од 30.08.2021 година за период од 2021 до 2025 година која е усвоена на Училишен одбор. Програмата, целите на развојната политика прецизно и јасно се отсликани во мисијата и визијата на училиштето. За сите поставени цели се изготвени акциски планови со рокови на извршување и носители на активности.

Донесен е Годишен извештај со број 01-411/1 од 15.08..2023 година и со заклучок бр. 25-3658/30 од 31.08.2023 година, архивирано со бр. од училиште 03549/1 од 11.09.2023 година. Советот на општината донел Одлука за усвојување на извештајот со бр.25-3658/31 од 31.08.2023 година со приемен арх.бр. на училиште 03-549/2 од 11.09.2023 година.

За финансиското работење, училиштето ги информира органите и телата во училиштето, како и локалната власт преку полугодишниот и годишниот извештај.

Завршните сметки се разгледуваат на седниците на Училишниот одбор и се предлагаат на усвојување до Советот на општината.

Училиштето има изготвено План за јавни набавки за 2024 година и истиот е разгледан и усвоен од страна на Училишниот одбор со Одлука за усвојување на Годишниот план за јавни набавки за 2024 година, заведен под арх.бр. 05-38/1 од 26.01.2024 година.

Со учениците со посебни образовни потреби работи Инклузивен тим на училиштето, формиран со Решение бр. 02-433/2 од 22.08.2022 година и вкупно 20 инклузивни тимови за ученици, заведени под арх.бр. од 02-568/1 до 02-568/20 од 18.09.2023 година. Во училиштето има 15 ученици со наод и мислење вклучени во редовните паралелки со препорака од комисијата за категоризација да го продолжат воспитно-образовниот процес во училиште. Идентификувани се 17 ученици со потешкотии во учењето и истите немаат мислење од комисијата за категоризација. При уписот на учениците во прво одделение се врши идентификација на учениците со посебни образовни потреби од двајцата специјални едукатори и рехабилитатори на училиштето, од психологот во соработка со одделенските раководители . Се врши и идентификација и на надарени ученици и континуирано се следи нивниот напредок.

Формиран е училишен тим за меѓуетничка интеграција со Решение бр. 02-58/1 од 10.02.2023 година кој ги планира, организира и реализира предвидените активности. Во изминатите три учебни години училиштето нема склучено договор со партнер училиште за реализирање на активности за меѓуетничка интеграција. Училиштето планира и реализира самостојни активности во рамките на МИО.

Училиштето има регистрирано училишен Спортски клуб, „Васил Главинов“- Велес, заведено со Решение под бр. 08-335/1 од 07.02.2014 година.

Училиштето има формирано ученички парламент и има донесено програма за работа за учебната 2023/24 година заведена под бр.08-412/7 од 15.09.2023 година.

Постапката за избор на изборните наставни предмети се спроведува во согласност со насоките дадени од страна на Бирото за развој на образованието. Изборот го вршат учениците и нивните родители од листа на предмети преку анкетирање.

Реализацијата на воннаставните активности во минатата учебна година е многу добра, а опфатот на учениците во воннаставните активности е целосен.

Родителите се изјаснија дека редовно се информирани за индивидуалниот напредок на своите деца и дека се задоволни од ангажманот на наставниците. Родителите, информациите за постигањата на нивните деца ги дознаваат на заедничките родителски состаноци и индивидуалните средби и преку пристапот до Е-дневникот. Советот на родители иницира активности со цел за подобрување на воспитно-образовниот процес во училиштето како и за подобрување на условите за работа во самото училиште.

Воспитно-образовната работа во ООУ„Васил Главинов“ – Општина Велес, се остварува врз основа на наставните планови и програми за деветгодишно основно образование. Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем.

Во училиштето се реализираат слободни ученички активности и за секоја слободна ученичка активност има определено одговорни наставници.

Училиштето редовно учествува на ученички натпревари на општинско, регионално, државно ниво. Постигањата на учениците се следат од страна на предметниот наставник односно одделенскиот наставник и одделенскиот раководител. Училиштето има изготвено Кодекс на оценување на учениците заведен под бр. 02-426/1 од 16.08.2028 година.

Постои соработка на наставниците од училиштето со наставници од други училишта на ниво на регион и пошироко.

Во училиштето доволно се зајакнува соработката, ученици-наставници-родители со вклучување и реализирање на активности во рамки на проекти во кои е вклучено училиштето.

Преку редовните презентации од средните училиште од општината и средните училишта пошироко, учениците се запознаваат со конкурсите за упис, условите за работа, струките и образовните профили. На учениците им се обезбедуваат јасни, точни и најнови информации за можностите за понатамошно образование.

Училиштето располага и со асистивна ИКТ технологија. Сите наставници од одделенска настава и голем дел од предметна настава водат ученички портфолија.

Стручната служба – педагогот, психологот и дефектолозите водат евиденција за опфатот на учениците по завршувањето на основното образование. Се организираат и предавања подготвени од стручната служба во врска со професионалната ориентација.

Училиштето го следи осипувањето на учениците во училиштето и притоа е забележано поголемо отстапување во однос на бројот на испишани ученици во последните три години и тоа: вкупно 43 ученици (поради иселување во друга држава) и тоа во учебната 2020/21 година-12 ученици,во учебната 2021/22 година-15 ученици и во учебната 2022/23 година-16 ученици. Во однос на придојдени ученици во претходните три учебни години се вкупно се 25 ученици и тоа во учебната 2020/21 година-8 ученици, во учебната 2021/22 година-7 ученици и во учебната 2022/23 година-10 ученици.

Во училиштето се изготвени инструменти за следење на наставата од страна на директорот и стручните соработници со однапред поставена цел и при тоа редовно се изготвува извештај на крајот од секое спроведено следење на планирањата и наставата.

За реализација на наставните програми, наставниците изработуваат годишни, тематски и оперативни планови за реализација на наставниот час. Поголем број од планирањата ги содржат неопходните елементи кои овозможуваат успешна организација и реализација на наставниот час.

Во училиштето покрај редовната настава се планира и реализира дополнителна, додатна настава и воннаставни активности.

Во ООУ „Васил Главинов“ - Велес, се реализира проширена програма која опфаќа настава со продолжен престој од прво до трето одделение. Една паралелка е со дневен престој тоа се ученици од прво одделение.

Во централното и подрачното училиште инсталирани се десктоп компјутери во 1 училиница со 13 работни места, 48 лаптоп компјутери за наставниот кадар и 7 десктоп компјутери за администрацијата. За примена на ИКТ во наставата, училиштето користи и 4 фунционални мобилни ЛЦД проектори и 35 смарт табли.

Централното училиште и подрачното училиште како и училиштето, објект бр.2 , нас. Превалец располагаат со доволен простор односно училници за изведување на редовна настава. Училниците во централното училиште се пространи и природно осветлени, соодветни на училишните стандарди и возраста на учениците за изведување на настава додека во подрачните училишта се на задоволително ниво.

Инфраструктурата во училиштето е безбедна и не претставува потенцијална опасност од повреди на учениците..

Преку редовните презентации од средните училишта од општината и пошироко, учениците се запознаваат со конкурсите за упис, условите за работа, струките и образовните профили.

Опременоста на училиштето со наставни нагледни средства и други технички помагала е многу добра, со тенденција на подобрување секоја учебна година. Училиштето ги утврдува потребите од наставни средства и помагала и настојува да ги обновува согласно потребите на воспитно-образовниот процес.

Воспитно-образовниот процес го реализираат 86 наставници од кои 13 мажи и 73 жени а според етничката припадност сите 86 наставници се македонци. Наставата ја реализираат наставници вработени во училиштето и тоа 69 на неопределено работно време и 17 наставници на определено работно време од кои 67 имаат завршен VII/1 степен, 4 наставници со завршен VIIa степен и 6 наставници со завршен V/1 степен и 9 со завршен Va степен. Сите се согласно Нормативот на наставен кадар за реализирање на наставните програми. Покрај наставниот кадар во училиштето се вработени стручни соработници – еден училишен педагог, еден училишен психолог, два дефектолози и еден библиотекар.

Административно-технички персонал во училиштето се: еден секретар,еден благајник-администратор и книговодител со пола работно време, 17 хигиеничари,еден котлар,еден хаусмајстор и еден чувар. Библиотеката располага со 19.193 книги од кои 5.217 лектири, 12.146 книги по жанрови, 1.830 литература на странски јазик и стручна литература има 39. Училишната библиотека располага со повеќе од пет книги по ученик, вклучувајќи ги и лектирните изданија пропорционално застапени според наставните јазици што се изучуваат во училиштето. За обновување и дополнување на книжниот фонд, посебно за лектирни изданија, училиштето континуирано врши набавки во рамките на своите можности. Евиденцијата на книжниот фонд се води во електронска и хартиена форма.

Зградата на централното училиштето е обезбедена со 12 противпожарни апарати и 16 хидранти; подрачното училиште во с.Раштани има 1 противпожарен апарат а нема хидранти, подрачното училиште во нас. Превалец има 1 противпожарен апарат а нема хидранти и подрачното училиште во с.Населба Превалец има 1 противпожарен апарат а нема хидранти и истите редовно се сервисираат.

Училиштето има изготвено Статут бр. 02-64/2 од 17.02.2023 година, за кое има согласност од Министерството за образование и наука Скопје, и истиот редовно се усогласува со законските измени.

## КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧИЛИШТЕТО

ООУ “Васил Главинов“, е лоцирано на ул. „Никола Карев” бр.2. во Велес . Реонот на училиштето е опфат на ученици од северозападен дел на градот Велес, како и населени места: с. Раштани и населба Превалец .

Воспитно-образовната дејност се реализира во централното и две подрачни училишта во с.Раштани и Училиште објект бр.2 во населба Превалец.

Дејноста во Централното основно училиште „Васил Главинов“во Велес се реализира во една училишна зграда, изградено во 1955 година и еден дограден нов крак изграден во 1975 година. Објекот е со површина од 5.180 м2 и спортска сала во реконструкција со 378 м2. Училиштето располага со: 18 училници и 20 специјализирани училници-кабинети и една фискултурна сала со 144 м2 и една мини фискултурна сала. Во склоп на училишната зграда има библиотека, канцеларии за: директор, наставници, педагошко-психолошка служба, дефектолози, секретар, просторија за техничкиот персонал,

просторија за исхрана на учениците од продолжен престој, просторија за хаусмајсторот,просторија за парното греење и две други простории. Училишната зграда е реновирана со заменета столарија, 15 санитарни јазли. За потребите на учениците со телесни пречки, во централното училиште во 2015 година има изградено лифт. Кровната конструкција и фасада се во добра состојба. Просториите во централното училиште се загреваат со систем за парно греење на течно гориво.

Училишната Спортската сала е со нестандардни димензии и површина од 378 м$^2$, изградена во 1975 година и истата е дадена во употреба и не ги задоволува условите за работа затоа што сѐ уште е во реконструкција. Училишниот двор е со површина од 14.000 м$^2$ и спортски терени од 1.749 м$^2$. Во учебната 2020/21 година има запишано 1749 ученици а завршиле 1745 ученици; во учебната 2021/22 година има запишано 1189 ученици а завршиле 1181 ученик , во учебната 2022/2023 година има за пишано 1192 ученика а завршиле 1186. Во учебната 2023/24 година во централното основно училиште „Васил Главинов“ -Велес има запишано 1112 ученици. Централното оасновно училиште „Васил Главинов“ - Велес има вкупно 55 паралелки од кои 30 се со одделенска настава и 25 од предметна настава.

Во Подрачното училиште во с.Раштани се реализира настава од I до V одделение во една смена.Училишната зграда во Подрачното училиште во с.Раштани е со површина од 106 м$^2$ . Располага со: 1 училница, една канцеларија за наставници, еден надворешен санитарен чвор во склоп на училишната зграда. Училишната зграда е изградена во 1946 година. Просториите во подрачното училиште се загреваат со печки на тврдо гориво. Дворната површина на училштето изнесува 84 м$^2$ и не е оградена. Во учебната 2023/24 година во Подрачното училиште во с. Раштани има запишано 11 ученици, наставата се реализира во една комбинирана паралелка од прво до петo одделение.

Во објект бр.2 , училиштето во населба Превалец се реализира настава од I до V одделение во две смени. Училишната зграда во Подрачното училиште во нас.Превалец е со површина од 276 м$^2$ . Располага со: 3 училници, една канцеларија за наставници, еден санитарен чвор во склоп на зградата и една просторија за парното греење. Училишната зграда е изградена 1950 година и реновирана во 2000 година . Просториите во подрачното училиште се загреваат со парно греење на тврдо гориво. Дворната површина на училиштето изнесува 495м$^2$ и истата е целосно оградена. Во учебната 2023/2024 година во Подрачното училиште во нас.Превалец има запишано 46 ученици, наставта се реализира во 3 чисти паралелки и 1 комбинирана паралелка. Почетоците на училишна дејност во ООУ „Васил Главинов“ – Велес се врзани со средината на педесетите години и растењето на градот Велес од минатиот век кога и започнува и изградбата на основното училиште ООУ ,,Васил Главинов,,Велес. Училиштето е основано со решение со деловоден број 05-13173/10 од 21.12.1965 година и истото започнува со работа во учебната 1965/66 година на македонски наставен јазик. Училиштето има решение за верификација на дејноста со број 10-942/3од 08.06.1994 година издадено од Министерство за образование и спорт. Училиштетп е регистрирано е како самостоен правен субјект во Централен регистар со број - 30620180000429 од 04.07.2018 година

# 1. Планирање, настава и учење

## 1.1. Планирања на наставниците

Потребите на наставниците за нивно стручно оспособување и обука се следат од страна на стручната служба на училиштето. Врз основа на изразените потреби на наставниците и стручните активи кои се доставуваат на почетокот на учебната година, училиштето ги одредува приоритетите и ги планира обуките. Училиштето обезбедува навремена обука на наставниците и стручните соработници за примена на современи методи и техники на планирање на наставата според финансиските можности со кои располага училиштето. По спроведените обуки, обучениот наставен кадар редовно врши дисеминација на останатите наставници и стручни соработници. Во училиштето има пропишани приоди и утврдени процедури за планирањата на наставниците и

воспоставени практики за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот и стручната служба и истите се заведени во училишната архиава. Пред почетокот на учебната година раководниот орган и стручната служба прават проверка и увид во годишните планирања на наставниците, а во текот на годината и на тематските планирања. Годишните и тематските планирања на наставниците се следат според однапред утврден формат/образец.

Училиштето во рамките на својата годишна програма за работа на училиштето и директорот, педагогот и психологот и дефектолозите во рамките на своите годишни планирања го планираат и реализираат следењето на наставниот процес. Редовно пред посетата на часови наставниците се известуваат за периодот кога ќе бидат посетени на час, како и за целта на посетата. При посетата се користат инструменти за следење на планирањето на часот и на самиот час. По посетата со секој наставник поединечно се води разговор и се даваат препораки во писмена форма за подобрување на наставниот процес. После секое следење на часовите, раководниот орган заедно со стручната служба изготвуваат збирен извештај и посебни извештаи за секој посетен наставник со препораки од посетените часови. Секој наставник најмалку два пати годишно е посетуван на час од директорот и стручната служба. Во училиштето има воспоставена практика новите наставници да ја следат работата на час на другите колеги од училиштето.

Наставниците најмалку два пати во полугодие одржуваат состаноци на кои се разменуваат искуства и идеи за планирањата во рамки на стручните активи. Планирањата кај поголем број од наставниците се подобрени како резултат на размената на искуства и користење стручни искуства од различни медиуми, од регионална соработка со други училишта. Голем број наставници изготвуваат и користат дигитални презентации.

## 1.2. Наставен процес

Воспитно - образовната работа во ООУ„ Васил Главинов “ – Велес, се остварува врз основа на наставните планови и програми за деветгодишно основно образование и за учениците од I, II,III, IV, V и VI одделение, согласно новата Концепцијата за основно образование.

По наставните предмети: биологија, хемија, природни науки, математика и физика, наставата се реализира според преземените и одобрени програми од Меѓународниот центар за наставни програми (Cambridge International Examination Centre), адаптирани од БРО и одобрени од МОН. Наставниците кои реализираат настава по новата концепција имаат посетено обука за реализација на наставата по новата концепција за основно образование, организирана од страна на Бирото за развој на образованието.

Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем. Во случаи на отсуства на наставник наставата се одвива непречено со обезбеден соодветен наставен кадар.

За реализација на наставната програма по физичко и здравствено образование од I до VI одделение, покрај наставникот по одделенска настава, се вклучува наставник по физичко и здравствено образование.

Раководителите на одделенијата на почетокот на учебната година ги запознаваат родителите со наставниот план и наставните програми според кои се изведува наставата.

Во училиштето има воспоставена процедура за избор на изборни предмети. Изборот на наставните предмети од листите на изборни предмети од наставниот план, го избираат учениците во согласност со нивните родители.

Согласно наставните планови се спроведува и постапката за избор на слободни изборни предмети во IV ,V и VI одделение, преку анкетирање, согласно новата концепција за основно образование.

Во училиштето е организиран продолжен престој со една група и учениците кои се од исто одделение .

Најголемиот број наставници по одделенска настава и голем број од наставниците во предметна настава користат разновидни наставни форми и методи и истите се прилагодуваат на индивидуалните потреби и можности на учениците и нивните стилови на учење. Наставниците работат со учениците најчесто фронтално ,во парови и во групи

и индивидуално. Методите што ги користат се во функција на остварување на очекуваните исходи. Поголем дел од наставниците главно користат различни приоди за сите ученици, зависно од индивидуалните способности за учење на учениците. Наставниците користат разновидни интерактивни техники во поголемиот дел од часот и диференциран пристап при реализирањето на активностите, со што им даваат можност на учениците со различни способности и стилови на учење да научат најмногу што можат. Поголем број од наставниците во процесот на учење користат дигитални презентации. За учениците со посебни образовни потреби,(ПОП), се користат прилагодени методи и техники според нивните потреби кои се содржани во индивидуалните образовни планирања . Сите наставници при реализирање на наставните содржини користат бесплатни учебници кои се добиени од Министерството за образование и наука , поретко и дополнителна прирачна литература.

За време на часовите и при реализацијата на воннаставните активности се промовира градење на доверба меѓу наставниците и учениците. Најголем број наставници се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка и разбирање.

Целите на наставата и очекуваните исходи им се јасни на поголем број ученици, во секоја фаза на учењето. Поучувањето кај најголем број наставници по одделенска настава и кај поголем број наставници во предметна настава е јасно и разбирливо и соодветно на возраста, и е прилагодено на можностите и предзнаењата на сите ученици. Најголемиот број наставници по одделенска настава и поголем број наставници во предметна настава, наставата ја реализираат со примена на работа во фронтална форма, групна и во парови со што овозможува интеракција помеѓу учениците и поттикнување учениците активно да учествуваат во наставата а мал дел од наставниците во индивидуалана форма и индивидуализирана форма. Поголем број наставници користат различни интерактивни техники и постои интеракција меѓу наставникот и учениците која води кон успешно постигнување на целите на часот.

Училиштето има формирано Инклузивен тим и Програма за работа на Инклузивниот тим. Инклузивниот тим на училиштето е формиран од страна на директорот на училиштето и истиот редовно се ажурира.Училиштето има формирано инклузивен тим за секој ученик за кој има категоризација, исто така, инклузивниот тим за ученик се ажурира при промена на наставници на ученикот со посебни образовни потреби (ПОП). Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на индивидуален образовен план,(ИОП,) по сите наставни предмети, согласно законската регулатива.

Задолжителната настава со учениците со посебни образовни потреби со категоризација се реализира според ИОП. За учениците со посебни образовни потреби со категоризација за реализација на воннаставни активности не се изготвува ИОП /или модифицирана програма. Во училиштето се идентификувани 20 (дваесет) ученици со попреченост во учењето од кои 12 се со категоризација од завод за ментално здравје или јавна здраствена установа –универзитетска клиника за физикална медицина и рехабилитација , од кои 4 ученици работат по модифицирана програма , а останатите 16 (шеснаесет) ученици со ИОП. Со сите учениците се работи според ИОП и модифицирана програма по добиена согласност од родител.

Училиштето активно соработува со надлежниот ресурсен центар –Основно училиште со ресурсен центар, (ОУРЦ), ,,Маца Ѓорѓиева Овчарова“ - Велес, за унапредување на наставата за учениците со попреченост. Поголем број на наставниците и стручните соработници се обучени да планираат и реализираат настава со ученици со ПОП. Инклузивниот тим на училишниот тим им обезбедува поддршка на наставниците при изработката на индивидуалните образовни планови. Училиштето остварува соработка со основното училиште со ресурсен центар, „Маца Овчарова“ Велес, за обезбедување на образовни асистенти и логопед, но нема делегиран преставник, специјален едукатор и рехабилитатор бидејќи училиштето нема побарано, односно има вработено двајца специјални едукатори и рехабилитатори на неопределено работно време.

Училиштето располага со 7 асистивни уреди кои се во функција на развојот на учениците со ПОП. Училиштето располага со една сензорна соба која е целосно опремена и во функција за сензорна стимулација на учениците со ПОП.

Во училиштето има 16 ученици со интелектуална попреченост и 4 ученици со пречки во развојот. Училиштето има 6 санитарни јазли прилагодени за потребите на учениците со физичка попреченост и пристапна рампа со лифт за непречено движење помеѓу катовите.

Во училиштето наставниците ги оценуваат постигањата на учениците со попреченост во согласност со целите во индивидуалниот образовен план, во соработка со инклузивниот тим на ученикот. Училиштето обезбедува услови за учество на учениците со посебни образовни потреби во воннаставни активности согласно нивните интереси и можности. Учениците со попреченост кои имаат потреба од лична или образовна асистенција се идентификуваат навремено и се доставува барање за соодветна поддршка.

Инклузивниот тим исто така работи и на професионалната ориентација за децата со посебни образовни потреби.

Училиштето нема партнер училиште за меѓуетничка училишна интеграција, но планира активности, за реализирање на истите, но како самостојни активности сè додека се најде училиште со кое би склучиле договор за меѓусебна соработка преку кој ќе се запознаваат и учат на прифаќање и почитување на различностите и толеранцијата. Меѓуетничката интеграција во наставните планирања за I, II, III, IV,V и VI одделение е присутна во активностите на наставните предмети кои произлегуваат од Принципот на интеркултурност на кој почива новата концепција за основно образование и активностите придонесуваат во остварување на основното право на сите деца на квалитетно основно образование.

Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на родовата, етничката, културната, верската и јазичната разновидност во училиштето и во заедницата и нивно заемно прифаќање. Во училиштето планираните самостојни активностите во Годишната програма за работа на училиштето ќе се реализираат со изготвен акциски план преку работилници, научно-истражувачка работа, натпревари и др.Учениците учат да ја почитуваат сопствената култура и традиција, како и традицијата на другите етнички заедници во Република Северна Македонија, без оглед на која етничка група им припаѓаат и на кој јазик ја посетуваат наставата.

### 1.3. Искуства на учениците од учењето

Најголемиот број ученици и родители го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Заедничкиот училиштен простор е естетски уреден, а визуелниот материјал и пишаните содржини во него го отсликуваат мултикултурниот и мултиетничкиот карактер на државата. Изработките на учениците од разни работилници и воннаставни активности се изложуваат на видни и соодветни места и редовно се менуваат. Секој ученик има можност да има изложен труд. Училиштето на учениците и наставниците им ги обезбедува сите материјали потребни при изработката на летоци, изложбени паноа,постери и плакати.

Учениците сметаат дека кај поголем број на предмети се учи на интересен начин. Голем број ученици сметаат дека дел од содржините се поврзани со секојдневието, се применливи и се корисни во реалниот живот. За време на часот голем број наставници ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања, да изведуваат заклучоци и даваат примери за примена на она што го учат. Најголемиот број наставници не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици.

Учениците и родителите сметаат дека учениците имаат можност да го искажат сопственото мислење, притоа почитувајќи го мислењето на другите и не загрозувајќи ги основните човекови права и дека мислењето на учениците се зема во предвид при решавањето на проблеми и при одлучувањето за работи кои се од нивен интерес. Учениците иницираат активности и преземаат одредени одговорности во училиштето, во и надвор од наставата, најчесто преку воннаставните активности и разни хуманитарни акции. Во последните три учебни години реализирани се бројни активности: хуманитарни

акции за прибирање на средства за помош на соученици од семејства во социјален ризик, изработка на изложбени паноа и дигитални презентации со пораки до врсниците на разни теми (моите права и моите обврски, превенција од врсничкото насилство, штетноста од пушењето и користењето на алкохол и дрога, одбележување на настани, сајбер напади врз одредени ученици и др.).

Најголем број од учениците сметаат дека училиштето низ организирани форми ја поттикнува и мотивира нивната меѓусебна соработка. Училиштето негува меѓуетничка комуникација и почитување на различностите. Најголемиот број учениците се чувствуваат прифатени, задоволни и среќни во паралелката и училиштето.

Училиштето ги идентификува систематски индивидуалните образовни потреби на учениците, како и потешкотиите во учење на секој ученик. Наставниците и стручната служба ги откриваат по сопствена проценка образовните потреби на учениците, како и потешкотиите во учење на секој ученик и преземаат конкретни активности за задоволување на потребите и отстранување на пречките при учењето, најчесто преку дополнителната и додатната настава и дополнително залагање на наставниците за време и после часовите.

Поголем број наставници во процесот на поучување користат различни интерактивни техники со што им даваат можност на учениците со различни образовни потреби да ги постигнат планираните цели. Голем дел на наставници користи диференциран пристап при планирањето и реализирањето на активностите на часот. Поради ова им се дава можност на учениците со различни способности и стилови на учење да научат најмногу што можат за време на часовите.

### 1.4. Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Во однос на оценувањето на учениците училиштето има дефинирана политика за оценување, вклучувајќи и кодекс за оценување, чија основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик и има воспоставени добри практики. Најголемиот број наставници ги планираат стандардите и критериумите за оценување. Најголемиот број наставници по одделенска настава и поголем број наставници во предметна настава ги запознаваат учениците и родителите со стандардите и критериумите за оценување. Најголемиот број наставници по одделенска настава и поголем број наставници во предметна настава ги користат истите при следењето и вреднувањето на постигањата на учениците и применуваат формативно оценување. Во разговор со учениците и нивните родители, најголем број од нив сметаат дека оценувањето е транспарентно и реално.

Од посетата на часовите од страна на инспекторите од тимот, се констатира дека најголем број наставници по одделенска настава и по предметна настава користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците користејќи табеларни листи од ученици по усвоени стандарди за оценување. Учениците се вклучуваат во оценувањето преку самооценување, меѓусебно оценување и градење критериуми. Приодите во оценувањето им ги ограничуваат можностите на најголемиот број ученици во предметна настава да ги подобруваат своите постигања. Инструментите за оценување се унапредуваат во соработка со стручната служба.

Коефициентот на континуитет на успехот, во третиот период на образование од трите претходни последователни години, пресметан како однос на средниот успех на училиштето на полугодието и крајот на годината е поголем од 0,93.

Сите наставници во одделенска настава редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа и дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата и ги користат информациите добиени од следењето и вреднувањето за подобрување на планирањето и реализацијата на наставата, по потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава. Во предметна настава, поголем број наставници континуирано го следат напредокот на учениците и ги користат информациите добиени од следењето и вреднувањето (табеларни листи од ученици по усвоени стандарди) за

подобрување на планирањето и реализацијата на наставата. По потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава.

### 1.5. Воннаставни активности и натпревари

Со Годишната програма за работа на училиштето, се планираат и реализираат воннаставните активности, во согласност со потребите, афинитетите на учениците.

При реализацијата на воннаставните активности од страна на училиштето, подеднакво е дадена можност за вклучување на сите ученици, без разлика на пол, етничка припадност и социјален статус на секој ученик.

За секоја воннаставна активност определени се одговорни наставници. Од страна на наставниците се води евиденција за реализирани воннаставни активности во образец за Педагошка евиденција за воннаставни активности. Воннаставни активности се реализираат и преку: литературно – рецитаторска и драмска секција, музичка секција(хор и оркестар), секција на млади математичари и физичари, јазична секција, секција по екологија, спортски активности, секција по хемија, англиски јазик, клуб на млади математичари, клуб на волонтери, хортикултура по биологија и по други наставни предмети. За афирмирање на училиштето преку воннаставните активности се користи фејзбук, веб - страната на училиштето, локална телевизија, во соработка со општината. Училиштето има регистрирано училишен спортски клуб, „Васил Главинов“- Велес. Во 2021/2022 година ученици преку спортскиот клуб, освоиле прво, второ и трето место на општински натпревари и регионални; во 2022/2023 година освоиле прво ,второ и трето место на општински натпревари,регионални и меѓу регионални натпревари во ракомет машки и женски, кошарка, ракомет, одбојка. Во 2022/2023 година училиштето освоило трето место на државниот натпревари во одбојка.

Сите ученици се вклучени барем во една воннаставна активност. Во училиштето, со учениците од третиот образовен период, се реализирани општествено-хуманитарни активности, во рамки на воннаставните активности. Најголем број од учениците се запознаени со воннаставните активности кои се нудат во училиштето. Во училиштето се реализираат воннаставни активности предложени од учениците. Учениците се вклучуваат во воннаставните активности според сопствен избор, низ транспарентна процедура. Учениците се вклучени во подготвувањето на програмите за воннаставни активности.

Училиштето учествува на ученички натпревари на општинско, регионално, и државно ниво, како една од формите на воннаставни активности. Поради Ковид –пандемијата, во учебната 2020/21 година, поголем број од натпреварите се одржани он-лајн. За учебната 2021/22 и 2022/2023 година, училиштет има земено учество на општински натпревари , на регионални натпревари како и на државни натпревари, на кои се стекнале со освоени први, втори или трети награди или биле пофалени за учество. Во училиштето се прогласува ученик на генерацијата, согласно правилник на училиштето според кој ученикот прогласен за ученик на генерацијата се наградува со награда обезбедена од училиштето.

# 2 .Постигања на учениците

## 2.1.Постигања на учениците

Стручната служба во училиштето изготвува детални извештаи, во кои се дадени податоци за постигањата на учениците според пол, наставни предмети и одделенија за сите квалификациони периоди.

Средниот успех на учениците, согласно извештаите на крајот на учебната година, во последните три учебни години, изнесува: 4,26 во учебната 2020/2021 година, 4,39 во учебната 2021/20222 година и на крајот од учебната 2022/2023 година, средниот успех изнесува 3,91.

Постигањата на учениците при премин од одделенска во предметна настава се следат од страна на стручната служба на училиштето. Според анализите кои ги изготвува стручната служба, за последните три учебни години, најголемо намалување на успехот кај учениците има при премин во VI одделение.

Постигањата при премин од основно во средно образование не се следат за учениците кои своето образование го продолжуваат во средните училишта во општината, од причина што не добиваат податоци за постигањата на учениците, од страна на средните училишта во општината и пошироко.

По секој квалификационен период, на предлог на Наставничкиот совет, Училишниот одбор се донесува акциски план со активности за подобрување на постигањата и квартално се разгледуваат постигањата од акцискиот план.

Во училиштето е спроведено екстерно тестирање во 2023 година во организација на IEA (International Association for the Educational Achievement). Реализатор на активностите од студијата во РСМ е Државниот испитен центар. Училиштето сѐ уште нема добиено резултати од тестирањето.

Училиштето ги идентификува систематски образовните потреби на учениците, како и потешкотиите во учење на секој ученик. Наставниците и стручната служба ги откриваат по сопствена проценка образовните потреби на учениците, како и потешкотиите во учење на секој ученик и преземаат конкретни активности за нивно остварување, најчесто преку дополнителната настава и дополнително залагање на наставниците за време на часовите.

Најголем број наставници по одделенска настава и наставници во предметна настава располагаат со конкретни информации за постигањата на учениците за кои родителите можат да се информирааат во секое време. За информирање на родителите за постигањата на учениците се користат добро организирани формални и неформални средби, групни средби (за паралелката во целина) и индивидуални средби (за конкретен ученик) со родителите. Наставниците го водат и редовно го ажурираат електронскиот дневник. Родителите имаат пристап до него и редовно добиваат известувања и преку телефонски пораки. Четири пати годишно родителите добиваат Евидентни листови во кои се наведени постигањата на учениците. Најголемиот број родители се задоволни од тоа што наставниците се достапни во секое време и редовно ги информираат за постигањата на учениците.

## 2.2.Мерки за подобрување на постигањата

Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците. Во учебната 2020/2021 година бројот на оправдани изостаноци по ученик изнесува 4,8 ,за неоправдани изостаноци 0,4 ; во учебната 2021/2022 година бројот на оправдани изостаноци изнесува 15,19 и за неоправдани изостаноци 3,10 и за 2022/2023 година бројот на оправдани изостаноци по ученик изнесува 23,32 а за неоправдани изостаноци 4,36.

Во однос на оценување по поведение на учениците, во последните три учебни години во 2020/2021 е намалено поведението кај 8 ученици на добро и кај 2 ученици на незадоволително, во 2021/2022 е намалено поведението кај 4 ученика на добро и кај еден е незадоволително, а во 2022/2023 година има намалување на поведението на 3 ученика на добро и во учебната 2023/2024 за првиот квартал е намалено поведението кај 2 ученици на добро и кај 3 ученици на незадоволително поведение.

Психологот на училиштето организира и води евиденција за советувањата на родителите.

Кога кај учениците ќе се евидентира намалување на успехот или поголем број на отсуства од настава, се известува стручната служба во училиштето - психологот, за спроведување на постапка за советување на родители. Во учебната 2020/2021 година е извршено советување на 84 родители по основ на намален успех во учењето и на 2 родители поради нередовно посетување на настава од страна на нивните деца; во учебната 2021/2022 година е извршено советување на 56 родители за намален успех и на 4 за нередовно посетување на наставата; во учебната 2022/2023 година е извршено советување на 51 родители по основ на намален успех и 4 за нередовно посетување на наставата. Училиштето соодветно го применува правилникот за изрекување педагошки мерки. Во последните три учебни години изречени се вкупно 36 педагошки мерки од кои 18 за намалено поведение по основ на неоправдани изостаноци, 18 педагошки мерки за прекршување на кодексот на однесување во училиштето.

Училиштето изработува месечни распореди за дополнителна и додатна настава и ги истакнува на видно место во училиштето. Во текот на учебната година, училиштето

редовно реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат потешкотии во учењето, како и диференцирана настава. Најголемиот број наставници по одделенска настава и голем број од наставниците во предметна настава користат методи, техники, стратегии во наставата за подобрување на постигањата на учениците.

# 3. УЧИЛИШНА КЛИМА

## 3.1 Училишна клима и односи  во училиштето

Училиштето е препознатливо во локалната средина како училиште кое промовира солидни постигања, редовност, дисциплина на учениците и соработка со локалната заедница. Училиштето спроведува многу  вонннаставни активности по кои е препознатливо во средината. Наставничкиот кадар ужива респект кај родителите. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него.

Училиштето има кодекс на однесување во кој се поставени принципите и правила на однесување на сите структури во училиштето. Има изготвено еко кодекс. Училиштето има статус на еко-училиште со доделени 3 „зелени знамиња“.

Во училиштето постои добра соработка меѓу вработените, учениците и другите вклучени во воспитно-образовниот процес а со тоа климата,  односот меѓу раководниот орган со вработените  и учениците е на многу добро ниво. Раководниот и наставничкиот кадар играат клучна улога во одржувањето на постојано поттикнувачка атмосфера во училиштето, што се гледа од нивното однесување со учениците, другите вработени, родителите и посетителите на училиштето. Вработените ги советуваат им даваат пример на учениците како да се грижат за училиштето и едни за други.

Училиштето има пишани процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување, пропишани со кодексите.

Училиштето има кодекс на однесување, во кој се поставени принципите и правилата на однесување во училиштето на сите структури во училиштето.  Кодексот е изработен со

учество на претставници на сите засегнати за животот во училиштето, а неговото усвојување е низ транспарентна процедура. Постојат договорени процедури за постапување во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување, но досега немало случаеви односно, потреба за нивно спроведување во практика. Од разговорот со Советот на родители и претставниците на Ученичкиот парламент се заклучува дека училиштето важи за институција во која доследно се почитуваат пропишаните принципи и правила и дека постои взаемна почит
и вклученост во активностите во училиштето.

Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените. Раководниот орган, наставниот кадар и останатите вработени придонесуваат за одржување позитивна атмосфераза работа во училиштето. Вработените ги упатуваат учениците да се грижат едни за други и за училиштето. Сите ученици се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето. Во училиштето нема закани, говор на омраза, провокации, навреди и пишани графити со негативни пораки. Средината за учење ги мотивира учениците да си поставуваат повисоки цели.

Куќниот ред на училиштето се почитува од страна на учениците и вработените. Постои работна атмосфера за време на наставата и вонннаставните активности. Најголем број од вработените се грижат за однесувањето на учениците за време на одморите преку дежурства на наставниците во и вон училиштето, преку приемот на учениците и нивното заминување од училиштето, согласно проширената програма на училиштето. Дежурствата на наставниците за време на одморите се почитуваат а се воспоставени во распоред за дежурање. Покрај тоа за безбедноста во училиштето има и инсталиран видео-надзор на сите влезови како и по ходниците на училиштето.

Училиштето го применува правилникот за изрекување педагошки мерки.

Во училиштето функционира ученички парламент кој го одразува етничкиот состав на училиштето и избран е исто така ученички правобранител. Поголем број од учениците на училишните заедници се информирани од страна на претставникот на ученичкиот парламент за работи кои се од нивен интерес и кои ги засегаат за време на воспитно-образовниот процес и за вонннаставните активности. Учениците, преку ученичкиот парламент почесто учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето заклучоци. Ученичкиот парламент предлага и спроведува активности за подобрување на работата во училиштето. Постојат до две реализирани иницијативи на Ученичкиот парламент. Учениците, членови на ученички парламент многу ретко се покануваат на состаноци на училишен одбор.

## 3.2. Еднаквост и правичност

Во училиштето е избран ученички правобранител преку јавен повик за избор и со демократска процедура. Ученичкиот правобранител има мал број на реализирани активности за заштита и унапредување на правата на учениците кои пак од своја страна повеќе практикуваат да се обратат до стручната служба. Најголем број од вработените во училиштето ги почитуваат правата на децата.

Училиштето организира поголем број на активности со дел од родителите/старателите за да ги запознае со правата на децата. Најголемиот број од учениците сметаат дека нивните права се почитуваат. Училиштето промовира еднаков и правичен третман кон сите ученици. Учениците во најголема мера знаат да препознаат нееднаков третман.
Училиштето навремено и соодветно реагира на поплаките од учениците за нееднаков третман, за дискриминација по било која основа, но досега немало ситуации за вршење дискриминација. . Различните маргинализирани, ранливи групи во училиштето се подеднакво вклучени во училишните активности.

## 3.3.Партнерски однос со заедницата

Информациите што се однесуваат на поголем број аспекти од работата на училиштето им се достапни на родителите во пишана и електронска форма. Училиштето ја прифаќа поддршката од родителите кои самоиницијативно сакаат да се вклучат во животот и во работата на училиштето, а истовремено преземаат и иницираат и поголем број на активности за нивно вклучување во подобрување на воспитно-образовната работа на училиштето на сите нивоа. Постои пишана документација за прифатени и реализирани идеи од родителите/старателите и во нивно спроведување во дело сѐ со

цел за подобрување на реализацијата на воспитно-образовниот процес во училиштето. Мислењата и ставовите на родителите/старателите се почитуваат, се спроведуваат и влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето.

Училиштето е активно вклучено во животот на општината и урбаната заедница преку спроведување заеднички проекти, активности и организирање и учество на настани од интерес на училиштето и заедницата.

## 3.4.Севкупна грижа за учениците

Училиштето има протокол во кој се дефинирани сите облици на насилство и начините на постапување. Протоколот е достапен за сите, за: наставниците, учениците и родителите. Најголемиот број од вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето. Училиштето води евиденција за појавените форми на насилство кои во ова училиште се незначајни, речиси и да ги нема.

При секој облик на насилство манифестиран од страна на возрасните и учениците се постапува според протоколот за насилство при што навремено се известуваат и се соработува со Центарот за социјална работа, Министерството за внатрешни работи и здравствените установи. Децата жртви на насилство, нивните родители и/или сведоците на насилство се запознаени од страна на училиштето со правата и процедурите за поднесување поплаки. Во случај на поплака, училиштето постапува навремено и непристрасно.

Училиштето има договорени процедури за конструктивно работење со сите ученици кои се дел од врсничко насилство и со нивните родители.

Преземените активности придонесуваат да нема насилство во училиштето.

Во училишната зграда, на видни места, има истакнато знаци за забрана од пушење, внесување и консумирање алкохол, дистрибуција и консумирање наркотични супстанции. Во училиштето се реализираат голем број активности за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства.

Училиштето не се грижи доволно за квалитетот на храната што им е понудена на учениците а кои ја купуваат од околните маркети. Но, во училиштето се води кампања за здрава исхрана преку работилници организирани од стручната служб, плакати, натписи на таа тема поставени по ходниците на училиштето како и преку реализирани часови од страна на одделенските раководители за време на одделенските часови -Образование за животни вештини.

Тоалетите се чисти и се дезинфицираат во секое време од денот и ги задоволуваат законските прописи. Училиштето еднаш годишно врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација. Редовното одржување на хигиената во тоалетите, просториите, ходниците и училишниот двор, воспитно делува на учениците да ја одржуваат хигиената во училиштето и личната хигиена. Ходниците и скалите се чистат најмалку трипати во денот а подот и мебелот во училниците се чистат најмалку пред почетокот на секоја смена. Останатиот училишен простор се чисти барем еднаш во текот на денот, а прозорците, вратите и другиот инвентар најмалку по два пати во секое полугодие. Дворот на училиштето е чист и делумно хортикултурно уреден. Во дворот на училиштето, во секоја училница и во ходниците има поставено корпи за отпадоци. Сите вработени вклучувајќи ги и учениците редовно вршат систематски прегледи.

ПП апаратите во училиштето редовно се сервисираат, а хидрантите се функционални. План за евакуација има истакнато на секој кат од училиштето и еднаш годишно се врши симулација за брзо напуштање на зградата во случај на елементарни непогоди и друга елементарна непогода или опасност. Има и наставници кои имаат сертификати за давање на прва помош.

Училиштето идентификува и обезбедува материјални средства за учениците од социјално загрозени семејства. Преку континуирана соработка со родителите/старателите, локалната заедница и со други релевантни институции (центарот за социјална работа, хуманитарни и невладини организации и деловната заедница) училиштето дава помош и поддршка на учениците од социјално загрозени семејства.

За учениците што поради здравствени причини подолго време отсуствуваат од редовната настава најчесто се обезбедува реализација на настава. Реализацијата на наставата се спроведува во соработка со родителите/старателите, а по потреба и со

локалната заедница и други институции како што се здравствените установи и центарот за социјална работа.

Стручната служба во училиштето има механизми за препознавање на емоционалните потешкотии кај учениците. Стручните соработници се обучени да им помогнат на учениците со емоционални потешкотии и на нивните родители/старатели или да ги упатат до надлежните институции, (советувалишта, здравствени установи, центар за социјална работа, граѓански здруженија итн).

Училиштето навремено им обезбедува на учениците јасни и точни информации за можностите за продолжување на образованието. За таа цел организира сопствени активности и користи промотивни материјали од образовните институции за професионална ориентација на учениците.

Училиштето редовно ги информира родителите и учениците за помошта што можат да ја добијат преку пишани и усни соопштенија при што дава помош на учениците и нивните родители/старатели во избор на нивното понатамошно школување во едно од средните училишта од градот и пошироко.

Со учениците со потешкотии во учењето работи инклузивен тим во чиј состав се вклучени стручните соработници. За активностите изготвена е програма за работа на инклузивниот тим. Тимот работи и со другите ученици од паралелката со цел да се даде поддршка и помош на учениците со посебни образовни потреби. Учениците се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето.

Учениците и вработените се придржуваат кон куќниот ред во училиштето,почитувајќи ги правилата на однесување воучилиште.Учениците се совесни, учтиво се однесуваат и соработуваат меѓусебно и со наставничкиот кадар. Училиштето соодветно го применува правилникот за изрекување педагошки мерки. Во последните три учебни години изречени се 55 педагошки мерки. На 37 ученици им било намалено поведението на добро и на 18 на незадоволително.

Постои работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности, а вработените постојано се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиштето.

Училиштето има формирана ученичка заедница избрана на демократски начин.Ученичката заедница има изготвено програма за работа, води записници од одржаните состаноци, а за реализација на програмата добива поддршка од училиштето.

Ученичката заедница учествува во разгледување одлуки за прашања што се од непосреден интерес за нив и другите ученици. Учениците се информирани од претставникот во ученичката заедница за сите работи што се од нивен непосреден интерес и поголем број на ученици во одделението учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки.

# 4.Управување, раководење и креирање политики

## 4.1.Управување и раководење со училиштето

Училишниот одбор е орган на управување и е конституиран согласно законската регулатива. Училишниот одбор ги извршува своите законски обврски, презема конкретни чекори за идентификување на состојбите, поставување на приоритети и предлагање иницијативи и активности за подобрување на постигањата на учениците како и на целокупниот воспитно-образовен процес.

Сите членови на УО се со легитимен мандат. Претседател на УО, согласно новиот закон за основното образование е од редот на Советот на родители.

Училишниот одбор е вклучен во креирањето политики за еколошка едукација и се залага за афирмирање на инклузивноста и меѓуетничката интеграција во образованието.

Училишниот одбор има сопствена Годишна програма која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето. Училишниот одбор работи транспарентно и има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите структури.

Училишниот одбор има сопствен Деловник за работа.

Училишниот одбор донесува одлуки, дава мислења, разгледува финансиски планови и извештаи.

Директорот на училиштето има јасна визија за тоа што се треба да се преземе и кои се приоритетите за побрзо напредување на целокупниот воспитно-образовен процес и за постигање на поголеми резултати. Во Програмата за развој на училиштето и во Годишната програма за работа за оваа учебна година, јасно се зацртани визијата и мисијата на училиштето, определени се целите и задачите и истакнати се приоритетите за развој по години.

Директорот во своето работење се потпира на тимската работа, формирајќи повеќе тимови за разни подрачја од работењето, како што се тимови за: Самоевалуација, изготвување на Програма за развој на училиштето, Еко програма, Програма за меѓуетничка интеграција, Тим за инклузија на училиште и на ученик, и др.

Програмата за развој на училиштето е изготвена за временски период од 4 години (2021-2025 година), што е во согласност со одредбите на Законот за основното образование. Програмата и целите на развојната политика се прецизни, јасно отсликани и опфатени, мисијата и визијата на училиштето, а при нивните поставувања се вклучени наставниците, родителите, учениците и претставниците на локалната заедница. За сите поставени цели се изготвени акциски планови со носители на активностите со временски рок по години и континуирано извршување.

Во училиштето има воспоставени договорни процедури за утврдување на потребите од наставни средства и помагала. Наставниците во договор со директорот ги утврдуват потребите од наставни средства и помагала, наставни материјали и други потреби. Раководството одредува приоритети за снабдување според финансиските можности.

Училиштето располага со стручна литература и наставни средства и помагала по норматив по сите наставни предмети. Училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и помагала, вклучувајќи книги, аудиовизуелна и ИКТ опрема, истите континуирано ги обновува за да соодветствуваат на современите наставни текови за реализирање на воспитно – образовниот процес согласно планираните ресурси. Наставниците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање и ефективно и ефикасно ги користат во наставата и во учењето.

Училиштето има и училишна библиотека, која е сместена во една просторија во централното училиште, библиотеката нема соодветни хигиенски и материјални услови за работа, не е добро уредена, не се одржува хигиена редовно, нема читална и не располага со компјутер за водење на библиотечна евиденција во електронска форма и се води библиотечна евиденција само во инвентарна книга. Ангажираните лица ги исполнуваат условите за библиотекари дефинирани во Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта и Правилник за норматив за стручните соработници во основно односно средно образование. Библиотеката располага со 19.193 книги од кои 5.217 лектири, 12.146 книги по жанрови, 1.830 литература на странски јазик. Училишната библиотека располага со повеќе од пет книги по ученик, вклучувајќи ги и лектирните изданија, пропорционално застапени според наставните јазици што се изучуваат во училиштето. Библиотеката е функционална и вработените во библиотеката се запознати со Законот за библиотеки. Библиотеката има истакнато работно време.

За реализирање на наставниот план и програма, во училиштето е обезбеден доволен број на наставен кадар, со што воспитно-образовниот процес се реализира комплетно.

Во училиштето има вкупно 114 вработени. Вкупниот број на вработени се распределени на следните работни места: 1 директор, 1 помошник директор, 3 административни работници, стручни соработници 1 педагог, 1 психолог, 2 дефектолози и библиотекар (5 наставници кои надополнуваат во библиотека до полн фонд на часови од кои 2 наставници вработени во училиштето и 3 наставници од друго училиште), 20 технички персонал и 85 наставници.

Наставниот кадар брои вкупно 86 наставници од кои 13 се мажи и 73 жени, од кои според етничка припадност македонци 86, други националности нема, сите се оспособени да ги преземат одговорностите во наставата и вонннаставните активности, согласно потребите на учениците и училиштето во целина. Од вкупниот број на наставници 69 наставници се на неопределено работно време и 17 наставници се на определено работно време (од нив 5 се приправници, 3 наставници по одделенска настава, 1 наставник по Македонски јазик и 1 наставник по ФЗО и за истите има определено ментор од директорот на училиштето). Во однос на степенот на завршено образование, структурата на наставниот кадар е следна: 73 наставници се со завршено високо образование, 9 наставници се со завршено вишо образование и 4 со завршени магистерски студии.

Училиштето има обезбедено согласност од Градоначалникот и Совет на општина Велес за прием на наставен кадар на определено работно време и согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици за учебната 2023/24 година.

Сите наставници се со соодветна стручна спрема согласно Законот за основното образование, Законот за наставници и стручни соработници и нормативите за наставен кадар.

При отсуство на наставниот кадар се води грижа замената да биде соодветна и навремена.

Во училиштето следењето на кариерниот развој на вработените наставници и стручни соработници е континуирано. За секој наставник и стручен соработник постои ажурирано професионално досие кое е во согласност со Правилникот за водење на професионално досие на наставник и стручен соработник во основно образование.

Развојните потреби на наставниците се утврдуваат преку изготвен план за професионален развој на училиштето за учебната 2023-2024 година, план за професионален развој на наставникот, анкетирање, самоизјаснување и утврдување на потребите, преку следење на наставниците при посета на часови од страна на раководниот кадар и стручната служба.

Наставниците редовно ги посетуват сите предавања, семинари и обуки кои се реализирани во училиштето и надвор од него од Министерство за образование и наука, Биро за развој на образование и Националната агенција. Избор на наставник за да посетува некој семинар или обука, најчесто се врши на Наставнички совет и преку спроведена анкета. Во училиштето е редовна пракса посетителот на стручното усовршување да изврши дисеминација или презентирање на работата од посетениот семинар.

Во училиштето се води евиденција за спроведени обуки – семинари за наставници во рамките на стручното усовршување на наставниците. Стручната служба континуирано ги

следи усовршувањата и развојот на наставниците, нивните досегашни обуки и семинари, како и потребите за стручно усовршување.

Во претходните три години, голем број на наставници поминале стручни усовршувања , од повеќе области. Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален развој на кадарот, а има и внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот, што внесува ефективни иновации во работата.

Во училиштето има пропишани приоди и утврдени процедури за планирањата на наставниците, и воспоставени практики за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот и стручната служба.

Училиштето во рамките на својата годишната програма за работа на училиштето и директорот, педагогот и психологот во рамките на своите годишни планирања го планираат и реализираат следењето на наставниот процес. По претходно изготвен распоред пред посетата на часови наставниците се известуваат за периодот кога ќе бидат посетени на час. При посетата се користат инструменти за следење на планирањето на часот и на самиот час. После секое следење на часовите со секој наставник поединечно се води разговор од страна на раководниот орган заедно со стручната служба, се изготвува збирен извештај но не се даваат поединечно препораки од посетените часови за подобрување на наставниот процес. Секој наставник најмалку два пати во полугодие е посетуван на час од директорот и стручната служба. Нема воспоставена практика новите наставници да ја следат работата на час на другите колеги од училиштето.

## 4.2.Цели и креирање на училишната политика

Целите и креирањето на училишната политика на училиштето се во согласност со државната и локалната образовна политика. Овие цели се зацртани во Програмата за развој на училиштето како стратешки документ, донесен од страна на Училишниот одбор. Во училиштето овие цели се насочени на подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес. Органите и телата во училиштето, како и наставниците, се вклучени во разните тимови и во креирањето на училишната образовна политика.

Во креирањето на училишните образовни политики активно се вклучени и родителите, преку формалните тела, (Совет на родители, одборите на паралелките и на други начини). Родителите на учениците, кои постигаат послаби резултати, покажуваат помал интерес за вклучување во животот и работата на училиштето, и со истите се вршат едукации. Во креирањето на целите и стратегиите се вклучени сите органи, со што се обезбедува транспарентност при планирањето и реализацијата на поставените цели.

Програмата и целите на развојната политика се прецизни, јасно отсликани и опфатени, мисијата и визијата на училиштето, а при нивните поставувања се вклучени наставниците, родителите, учениците и претставниците на локалната заедница. За сите поставени цели се изготвени акциски планови со носители на активностите со временски рок по години и континуирано извршување.

Евидентно во Програмата за развој на училиштето е тоа што тежиштето на реализацијата на зацртаните развојни политики е подеднакво застапено по години.

Во неа се разработуваaат седум развојни цели за предвидените подрачја на промени, со временска рамка за секоја учебна година во периодот од 2021 до 2025 година. Во програмата се опфатени сите фази од концептот на развојно планирање. Анализите за состојбите и планирањата се изведени според концептот на интегралната евалуација односно се анализирани седумте подрачја за работа на училиштето.

Училиштето има донесено Финансиски план за 2023 година и усвоена завршна сметка за 2022 година.

Планот за јавни набавки за 2023 година е усогласен со Законот за јавни набавки. Во врска со јавните набавки, училиштето има формирано Комисија за јавни набавки, во која е вклучен член од Училишниот одбор. Буџетот се користи наменски и за креативни цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата, подобрување на постигањата на учениците и учењето и развојот на училиштето во целина.

За финансиското работење училиштето ги информира органите и телата во училиштето, како и локалната власт преку полугодишниот и годишниот извештај.

## 5. Наоди и препораки

### Силни страни

- **Училиштето дава поддршка на учениците со потешкотии во учењето.**
- **Училиштето реасполага со добра инфраструктура и нагледни средства и помагала за учениците со посебни образовни потреби.**
- **Училиштето располага со комплетни податоци за постигањата, редовноста и поведението на учениците по пол , етничка припадност по сите наставни предмети и по сите квалификациони периоди.**
- **Училиштето практикува еднаков и правичен третман на сите ученици и води грижа за угледот на училиштето во градот и околината.**
- **Во училиштето владее добро раководење, управување и финансиско работење.**

- **Изграден имиџ на училиштето и добра афирмација на постигањата на учениците.**

## Слаби страни

- **Во рамки на проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието училиштето нема партнер училиште со кое имаат попишано меморандум за соработка.**
- **Училишната библиотека не располага со соодветни хигиенски и материјални услови за работа ( не е добро е уредена, не се одржува хигиена, не располага со читална и не располага со компјутер за водење на библиотечна евиденција во електронска форма).**

## Препораки

- **Да се преземат активности за обезбедување на соодветни хигиенски и материјални услови за работа на билиотеката.**
- **Да се отпочне постапка за изнаоѓање на партнер училиште со кое ќе се потпише меморандум за соработка во рамки на проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието.**

| | |
|---|---|
| Радица Лазова, Раководител на инспекцискиот тим | |
| Гордан Стојчевски, Инспектор | |
| Александар Арсов, Инспектор | |